20240150413

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.283/23) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА ЗА 2024 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува финансирањето за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2024 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 17.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, Раздел 150.01 - Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 4А - Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица и ќе се користат за следните намени:

- Реконструкција, адаптација и пренамена на Ученички дом „Боро Менков" Крива Паланка во јавна општинска установа за вонсемејна заштита на стари лица во Општина Крива Паланка;
- Изградба на јавна општинска установа за вонсемејна заштита на стари лица во Општина Кавадарци;
- Изградба на центар за дневен престој за лица со попреченост во Општина Боговиње.

II. Во 2024 година со средствата од Потпрограма 4А-Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица ќе се измират и обврски за капитални инвестиции за социјална заштита за проекти започнати во 2023 година:

- Реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод.
- Изведување на градежни работи за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци."
- Изведување на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова" Пробиштип во дом за стари лица во Општина Пробиштип.
- Изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на деловен објект број 4 во ЈОУ „Дом за стари лица д-р Иван Влашки"-Берово.
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за сензорна соба во дневен центар за деца со телесна и ментална попреченост во рамки на ООУ „Петар Мусев" во Богданци и ООУ „Кирил и Методиј" во с. Стојаково.

Вкупните обврски во 2024 година кои ќе произлезат од склучените договори за проектите од став 1 алинеите 1, 2, 3, 4 и 5 на овој дел, во износ од 3.278,825 денари ќе се исплатат во зависност од реализација на терен.

III. Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за труд и социјална политика и најдоцна до крајот на 2024 година доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

IV. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-929/3
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.